O P [T I N A D E L ^ E V O
Ul:,,Љубомир Белогаски,, br. 1, Del~evo
tel: 033/411 550 faks: 033/411 550
E-mail:info@delcevo.gov.mk

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 15
11.09.2026 ГОДИНА

Службен гласник на Општина Делчево

Излегува по потреба
Гласникот е бесплатен

Уредува
Одделение за правни и општи работи и јавни дејности

Септември 2026

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002, 84/20, 202/24) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр. 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 11.09.2026 година, донесе

РЕШЕНИЕ
за објавување на актите од 16. седница
на Советот на Општина Делчево
I

Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево“ актите донесени на **16.** седница одржана на **10.09.2026** година и тоа :

1. **Одлука** за примање донација на патничко моторно возило;
2. **Одлука** за давање согласност за примање на донација од Фудбалска федерација на Македонија;
3. **Одлука** за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2027 година ;
4. **Заклучок** за усвојување на Годишен извештај за работата на СОУ „Методи Митевски-Брицо“ за 2025/2026 година;
5. **Заклучок** за усвојување на Годишна Програма за работа на СОУ „Методи Митевски-Брицо“ за 2026/2027 година;
6. **Одлука** за давање на согласност на Одлуката на Училишен одбор на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево за отуѓување на отпаден лим;
7. **Одлука** за давање на согласност на Одлуката на Училишен одбор на СОУ „Методи Митевски Брицо“ Делчево за отуѓување на движни ствари кои престанале да се користат заради неисправност, технолошка некомпатибилност, технолошка застареност или се вишок во СОУ „Методи Митевски Брицо“ Делчево;
8. **Одлука** за давање на согласност за отуѓување и предавање на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на електронски отпад;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 08-3026/1 **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

11.09.2026 **Градоначалник,**

Делчево **Иван Гоцевски,с.р.**

1. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 22 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019, 1/2021 и 9/26), а во врска со член 6 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен Весник на Република Македонија” Бр. 61/2004, 96/2004, 22/2007, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015, и 209/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21,173/2022, 170/2024 и 37/2025) и член 6 став 1 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (Сл. Весник на РМ

бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), Советот на Општина Делчево на својата 16. седница одржана на ден 10.09.2026 година, донесе

О Д Л У К А

за давање согласност за примање на донација – патничко моторно возило

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Делчево дава согласност за примање на донација на движна ствар – патничко моторно возило, од донаторот AURES Holdings со седиште на адреса: Dopraváků 874/15, Čimice, 184 00 Praha 8, Чешка Република, како сопственик на моторното возило, за потребите на Општина Делчево - ТППЕ Делчево.

Член 2

Предмет на донацијата е следното моторно возило:
Марка: OPEL
Тип: EAHCA12, BA2R5FPHA7
Комерцијална ознака: ZAFIRA TOURER
Вид на возило: патнички автомобил
Идентификациски број на возилото (VIN): W0LPE9NH5F2004355
Работна зафатнина на моторот: 1.956 cm³
Моќност: 121 kW
Гориво: дизел

Член 3

Возилото од член 2 на оваа Одлука се прима како донација во сопственост на Општина Делчево и ќе се евидентира во имотната евиденција на Општината согласно со важечките прописи.

Член 4

Се овластува Градоначалникот на Општина Делчево да склучи договор за донација со донаторот AURES Holdings со кој ќе се уредат правата и обврските на договорните страни, начинот на примопредавање на возилото, начинот на користење, како и други прашања од значење за реализација на донацијата.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Бр. 09 -3013 /1
10.09.2026 година
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател
Николчо Стојменовски,с.р.

2. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 22 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019, 1/2021 и 9/26), а во врска со член 6 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен Весник на Република Македонија” Бр. 61/2004, 96/2004, 22/2007, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015, и 209/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21,173/2022, 170/2024 и 37/2025) и член 6 став 1 од Законот за донации

и спонзорства во јавните дејности (Сл. Весник на РМ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), Советот на Општина Делчево на својата 16. седница одржана на ден 10.09.2026 година, донесе

О Д Л У К А

за давање согласност за примање на донација
од Фудбалска федерација на Македонија

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Делчево дава согласност за примање на донација од давателот на донацијата Фудбалска федерација на Македонија, во форма на опрема за седење, наменета за потребите на Градскиот стадион во Делчево.

Член 2

Донацијата која се дава на Општина Делчево се состои во 1.180 (300 сини и 880 бели) столчиња со потпирач во вредност од 666.700,оо денари со вклучен ДДВ и 320 црвени столчиња без потпирач во вредност од 158.720,ооденари со вклучен ДДВ.

Член 3

Донацијата од член 2 од оваа Одлука се прифаќа заради уредување и опремување на Градскиот стадион во Делчево, подобрување на условите за присуство на спортски натпревари, културни и други јавни настани, како и унапредување на спортската инфраструктура на територијата на Општина Делчево.

Член 4

Се овластува Градоначалникот на Општина Делчево да склучи договор за донација со давателот на донацијата Фудбалска федерација на Македонија со кој ќе се уредат правата и обврските на договорните страни.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Бр. 09 – 3014/1
10.09.2026 година
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател
Николчо Стојменовски,с.р.

3. Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 20 -а и 20- б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/14, 27/16, 35/18,198/2018 и „Сл. весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20, а согласно со член 32 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 14/20 и 215/21)), Советот на Општина Делчево, на 16. Седница, одржана на ден 10.09.2026 година, донесе

ОДЛУКА

за согласност на Годишен план за вработување
на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2027 година

Член 1

Советот на Општина Делчево дава согласност на Годишниот план за вработување на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2027 година бр. 08-43/1 од 20.08.2026 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 3015/1
10.09.2026 година
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Николчо Стојменовски,с.р.

4. Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“15/2013,2/2019, 1/2021 I 11/2026), Советот на Општина Делчево, на својата 16.редовна седница, одржана на ден 10.09.2026 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

за усвојување на Годишен извештај за работата

на СОУ „Методи Митевски-Брицо“- Делчево за учебната 2025/2026

1. Се усвојува Годишниот извештај за работата на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за учебната 2025/2026 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Бр. 09 –3016 /1
10.09.2026 година
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Николчо Стојменовски ,с.р.

5. Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево-Пречистен текст („Сл.гласник на Општина Делчево“ 11/2026), Советот на Општина Делчево на својата 16. Седница, одржана на ден 10.09.2026 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

за усвојување на Годишната програма за работата

на СОУ „М.М.Брицо“- Делчево за учебната 2026/2027

1. Се усвојува Годишната програма за работа на СОУ „Методи Митевски-Брицо“-Делчево за учебната 2026/2027 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 3017 /1

Совет на Општина Делчево

10.09.2026 Претседател,
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

6. Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), Советот на Општина Делчево на 16-тата одржана седница на 10.09.2026, година донесе

ОДЛУКА

За давање на согласност на Одлуката на Училишен одбор

на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево за отуѓување на отпаден лим

Член 1

Советот на Општина Делчево дава согласност на Одлуката на Училишен одбор во ООУ „Ванчо Прќе“ Делчево за отуѓување отпаден лим од кровна конструкција на училиштето уништен од природна непогода бр.02-292/5 од 03.07.2026 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-3018/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
10.09.2026 Претседател,
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

7. Врз на член 36 став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) Советот на Општина Делчево на 16-тата одржана седница на 10.09.2026 година, донесе

ОДЛУКА

За давање на согласност на Одлуката на Училишен одбор на СОУ „Методи Митевски Брицо“ Делчево за отуѓување на движни ствари кои престанале да се користат заради неисправност, технолошка некомпатибилност, технолошка застареност или се вишок во СОУ „Методи Митевски Брицо“ Делчево

Член 1

Советот на Општина Делчево дава согласност на Одлуката на Училишен одбор на СОУ „Методи Митевски Брицо“ Делчево за отуѓување на движни ствари кои престанале да се користат заради неисправност, технолошка некомпатибилност, технолошка застареност или се вишок во СОУ „Методи Митевски Брицо“ Делчево бр.02-463/2 од 23.06.2026 година.

Член 2

Составен дел на одлуката се Одлуката на Училишен одбор на СОУ „Методи Митевски Брицо“ Делчево за отуѓување на движни ствари кои престанале да се користат заради неисправност, технолошка некомпатибилност, технолошка застареност или се вишок во СОУ

„Методи Митевски Брицо“ Делчево бр.02-463/2 од 23.06.2026 година и записникот за извршен попис на движни ствари кои престанале да се користат заради неисправност, технолошка некомпатибилност, технолошка застареност или се вишок бр.02-457/1 од 22.06.2026 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-3019/1
10.09.2026
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Николчо Стојменовски,с.р.

8. Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и во согласност со чл.34 од Правилникот за сметководство на Буџетите и Буџетските корисници (Сл.весник на РМ) бр.28/2023...101/2013) Советот на Општина Делчево на 16-тата одржана седница на 10.09.2026 година, донесе

ОДЛУКА

За давање на согласност за отуѓување и предавање на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на електронски отпад

Член 1

Се дава согласност движните ствари за кои Советот на Општина Делчево има донесено Одлука за давање согласност на Одлуката на Училишен одбор на ООУ Ванчо Прќе Делчево за отуѓување на електронски и електричен отпад бр.09-2894/1 од 27.08.2026 година да се предадат на правно лице со кое Општина Делчево има склучено Договор, а кое е регистрирано за вршење дејност и поседува лиценца и дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад за движни ствари-опрема кои се дотраени, неупотребливи и технолошки застарени и неможат да се продадат или разменат како такви.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е листата на електронски отпад.

Член 3

Предавањето односно преземањето на електронски отпад е потребно да биде констатирано на записник.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-3020/1
10.09.2026
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Николчо Стојменовски,с.р.

ЛИСТА НА ЕЛЕКТРОНСКИ ОТПАД

ООУ Ванчо Прке Делчево

Врз основа на Одлуката за давање согласност на Одлуката на Училишен одбор на ООУ Ванчо Прќе Делчево за отпис и расходување на електронски електричен отпад бр.02-322/4 заведена под бр.09-2894/1 од 27.08.2026 година изготвена е следната листа на електронски отпад:

Реден број	Назив на уредот	Марка на уредот	Количина
1	LCD Монитор постар модел	HAIER	233
2	LCD Монитор понов модел	HAIER	214
3	Тастатури со ps2 приклучок		389
4	Глувчиња со ps2 приклучок		312
5	Мрежни кабли 1,3, 5м		298
6	УСБ кабли		140
7	ВГА Кабли за монитор		338
8	ТИН клиенти		252
9	Адаптер за монитор стар модел	HAIER	188
10	Адаптер за монитар нов модел	HAIER	327
11	Кабел за напојување на куќиште		66
12	Куќишта		72
13	Мали лаптопи		126
14	Адаптери за полнење на лаптопи		126

5.

6.

7.

8.